Врз основа на член 220 став 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“, бр. 21/84, 31/84, 32/85 и 55/91), министерот за внатрешни работи, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОСНОВАЊЕТО, ОБУКАТА, УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА СООБРАЌАЈНИТЕ ПАТРОЛИ НА ГРАЃАНИ И УЧИЛИШНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ЕДИНИЦИ**

Член 1

Во Правилникот за основањето, обуката, униформата и ознаките на сообраќајните патроли на граѓаните и училишните сообраќајни единици („Службен весник на РМ“, бр. 18/85), во членовите 2, 6 став 2, 10 став 1, 16 став 1 алинеја 2 и 17 став 2 зборовите „општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи“ се заменуваат со зборовите „Министерството за внатрешни работи“.

Член 2

Во членот 7 зборовите „Републичкиот секретаријат“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 3

Во членот 12 зборовите „работниците на милиција“ се заменуваат со зборот „полицијата“.

Член 4

Во членот 13 став 1 зборовите „(цртеж бр. 1)" се бришат.

Во ставот 2 зборовите „Делот на ознаката што претставува симбол на знамето на СФРЈ ги има истите бои како знамето“ се заменуваат со зборовите „Ознаката содржи грб на Република Македонија“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121 - 31231/1
18 август 1992 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с. р.

ОБРАЗЕЦ БРОЈ 1
(Големина 6ох9о мм)
Предна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УЧИЛИШНА
СООБРАЌАЈНА
КНИШКА

Фотографија
(33 x 28)

Регистерски број__________

(име и презиме)

(датум и место на раѓање)

(место на живеење и адреса)

Задна страна

Издадена од ______________

на ден _______ 19 _____год.

М.П. ______________
(потпис)

Напомена:

Членот на сообраќајната патрола односно единица има права и должности пропишани во чл.22о од ЗБСП ("Службен весник на РМ",бр.21/84,31/84, 32/85 и 55/91)